## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Десетото продолжение на Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 мај 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Гзим Острени, Петар Апостолов, Игор Ивановски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Спиро Мавровски, Марјан Ѓорчев, Али Ахмети, Назлија Даути, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Љупчо Балковски, Фазли Велиу, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Замир Дика, Лилјана Поповска и Ристо Пејовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Со оглед на тоа што треба да преминеме директно на гласање, а до сега се запишани дека пристигнале односно се присутни во Собранието 26 пратеници, објавувам пауза до 11,30 часот.

(Паузата отпочна во 11,05 часот и траеше до 11,35 часот).

Молам пратениците да влеза во салата.

Би сакал да предложам нешто. До сега се потпишани 64 пратеници како пристигнати, па да се договориме, ако можеме сега да обезбедиме кворум да работиме по Сто триесет и четвртата седница како што е предвидено до 13,00 часот, после тоа да продолжиме да работиме до 15,00 часот и да завршиме до каде што ќе стигнеме по точките од дневниот ред, за да можеме барем да се организираме да имаме кворум за овие точки, за да можеме да работиме до 15,00 часот.

Затоа, ги повикувам пратениците да влезат во салата, оние кои се пријавени. Без пауза ќе работиме до 15,00 часот и после тоа да завршиме за денес.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум за работа).

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Молам, уште еднаш пратениците кои се надвор од салата да влезат внатре, со оглед на тоа што немаме некои закони за кои имаме несогласувања, но кои се сепак важни. Би замолил пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Во салата нема кворум за работа)

Објавувам пауза до 12,30 часот.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи на координација во Охридската сала во 12,00 часот. Значи во 12,00 часот да се сретнеме со координаторите во Охридската сала, а со работа ќе продолжиме во 12,30 часот.

(Паузата отпочна во 11,45 часот, а седницата продолжи во 13,10 часот по завршувањето на Сто триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.)

Продолжуваме со работа по Сто триесет и четвртата седница.

Со оглед на тоа што претресот по Предлогот за донесување на закон за високото образование (точка 30) беше заклучен, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за високото образование.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон за високото образование, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласањето беа присутни 66 пратеници, од нив 56 пратеници гласале за, нема воздржани, 4 се против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Следната точка (27) е Предлог за донесување на закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот господинот Фуад Хасановиќ, повелете.

**Фуад Хасановиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Можеме ли, со оглед на тоа што со овие амандмани од Законодавно-правната комисија се согласил повереникот, дали ги прифаќате сите?

**Фуад Хасановиќ:** За Владата се прифатливи сите амандмани предложени од Законодавно-правната комисија.

**Слободан Најдовски:** Амандманот за менување на насловот на Глава 4, поднесен од Законодавно-правната комисија, е прифатен и е

составен дел на текстот на законот. Истото се однесува и на амандманот на член 6 ставови 2 и 3, поднесен од Законодавно-правната комисија, исто така и за амандманот на член 10 ставови 1 и 2 поднесен од Законодавно-правната комисија и амандманот на член 13 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е прифатен од страна на Владата.

Амандманот на член 19 став 1 за менување на точка 2, на точките 4,5,8 и 10 и на став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија, и тој е прифатен од страна на Владата и е составен дел на текстот на законот.

Истото е и за амандманот на член 20 став 1 точки 1, 2 и 3 и на став 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници гласале 53 пратеници, 53 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја.

**Минуваме на следната точка (31) - Предлог на закон за санитарната и здравствената инспекција.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Наташа Биковска поднесе амандман на член 5 става 1 за додавање нова точка 4 по точката 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за здравство, господинот Ќамил Ќамили. Повелете.

**Ќамил Ќамили:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници гласале 53 пратеници, 53 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за санитарната и здравствената инспекција.

**Минуваме на следната точка (32) - Предлог за донесување на закон за ментално здравје, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам пререс по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ментално здравје.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата за да видиме дали е валидно гласањето.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеника, од нив 50 пратеници гласале, 50 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, гласале 54 пратеници, 54 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Фатмир Асани поднесе амандман на член 22 за менување на став 2 и за бришење на ставот 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ана Андова поднесе амандмани на член 1, на насловот на Глава 4 и на член 36 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Ана Андова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Ќамил Ќамили.

Повелете.

**Ќамил Ќамили:** Се прифаќа предложениот амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Глава 4, поднесен од пратеникот Ана Андова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Ќамил Ќамили. Повелете.

**Ќамил Ќамили:** Се прифаќа предложениот амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за менување на став 2 и за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Ќамил Ќамили.

Повелете.

**Ќамил Ќамили:** Се прифаќа и овој предложен амандман.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 1, поднесен од пратеникот Ана Андова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Ќамил Ќамили.

Повелете.

**Ќамил Ќамили:** Амандманот се прифаќа со додавака: "или дипломиран психолог или специјалист по медицинска психологија", затоа што е напишано без зборот "или", дипломиран психолог во текстот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот, со ова дополнување од заменик министерот за здравство.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Цветанка Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам.

Почитувам потпретседател, претставници на Влада, колеги пратеници,

Менталното здравје и менталната благосостојба се суштествени за квалитетот на животот на луѓето, на семејството, на заедниците и секако дури и на нациите.

Нашиот мудар народ во духот на религијата како постара од науката рекол: Господ умот да ти го крепи.

Сепак, јас ќе се навратам на науката и ќе го кажам научниот аспект, а тоа е дека стресот е убиец. Ова го кажувам заради тоа што транзициониот период и напуштањето на системот во кој здрајвето и особено менталното беа врвно позиционирани, се огромно променети. Се што се случи и што ни се случува со распадот на системот создава добра подлога на нарушување на менталното здравје.

Законот го поддржува и неговото донесување е повеќе од потребно во овој момент, но не заради усогласување на нашето со европското законодавство како што стои во образложението, туку пред се за граѓаните и во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Прво што треба да се направи, треба да му се врати здравјето на населението, а потоа да го чуваме и унапредуваме, особено на младата и највулерабилна категорија, децата и адолесцентите.

Не можам да се сложам со тоа дека постојат слабости во приватната здравствена заштита во однос на препознавање и рано откривање на менталното здравје, или навремено упатување во секундарната здравствена заштита. Во голем број од случаите се избегнува терциерниот односно хоспитален и секако најскап третман. Со полна одговорност тврдам дека средувањето на примарната здравствена заштита со приватизацијата ќе ја заокружи целокупната грижа за менатлното здравје на населението, бидејки тоа е во интерес пред се на граѓаните и на лекарите кои треба да работат. Избраниот лекар може многу полесно да влијае и на социорехабилитациониот план и обезбедувањето на услови за реализација на правата на лицата со нарушено менатлно здравје преку добра комуникација со работодавачите кои исто така треба да се вклучат во системот за чување и унапредување на менатлното здравје. И не случајно во членот 11 е кажано: лицето со ментална болест има право на работа во согласност со состојбата на неговото здравје. Во чувањето и унапредувањето на здравјето треба да се вклучи и целата заедница.

Ќе се навратам на членот 10 кој вели дека секое лице со ментална болест има право на обезбедување на хумана и безбедна животна средина. Голем напредок се правата и обврските на лицата со ментална болест, разработени во членот 13 и 14, особено ставот 1 од членот 14 кој вели дека лицето со ментална болест има право да биде работно ангажирано и да прима надоместок за работата ако установата стекнува приход од неговата работа.

Останува за мене дилемата околу членот 22 ставот 2 и ставот 3, што ако лицето со нарушено ментално здравје не е критично за себе за своите постапки и за околината, а тоа значи дека пресудна во одлуката за тоа дали ќе се лекува хоспитално треба да е одлуката на лекарскиот тим, а не одлуката на судот. Успехот во лечењето на пациентите со нарушено ментално здравје го гарантира тимскиот пристап опфатен во членот 23 и 24. И од особена важност е ставот 2 од

членот 24 кој вели дека при отпуштањето задолжително се информира за состојбата со неговото ментално здравје и се упатува за остварување на права во системот на здравствена и социјална заштита во заедницата. Целата глава 5 ветува многу во заштитата на луѓето со проблеми со менталното здравје. Како што вели членот 25: здравствената установа е должна да дава правни совети и правна помош за лицата со ментална болест. И што се обезбедува заштита на сите правни нивоа, на ниво на директор на здравствена установа, Министерство за здравство и право дури и на судска заштита. Дека овој закон ќе има успешна имплементација гарантира главата 7 со формирањето на комисија која се формира на ниво на Советот на општината каде што е здравствената институција. И особено е добро и квалитетно кажано во членот 36 кој вели дека членовите на комисијата не смеат да бидат вработени во болнички здравствени установи во кои се укажува здравствена заштита на лицата со нарушено ментално здравје. Покрај локалниот заштитен механизам успешно се спроведува и надзорот предвиден од страна на Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат опфатени во членот 38 и 39. Законот навистина заслужува внимание и подршка за негово донесување и уште повеќе за негова имплементација.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Констатирам дека претресот е заклучен.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 54 пратеници, 54 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ментално здравје.

Тука ќе ја прекинеме работата затоа што ако продолжиме по другите точки ќе останеме незавршени. Поради известувањето од координаторите на пратеничките групи овде ја прекинувам седницата.

За продлжението на седницата ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина во 13,40 часот)